- Промовирање родова еднаквост и демократски вредности преку културни настани и активности.

## II. АКТИВНОСТИ

Активностите на општина Градско во областа на културата во 2026 година ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа

Програма.

Општина Градско во насока на остварување на горе наведените цели за тековната 2026 година планира да ги реализира следните активности:

| Активности на општина Градско за 2026 година | | | |
|---|---|---|---|
| **Р.бр.** | **Активности** | **Носител на активноста** | **Буџет** |
| 1 | Одржување на пролетна културна манифестација „Фолклоријада Градско“<br>-договорни услуги (сликар, озвучување) 42.000,00 денари<br>-репрезентација 60.000,00 денари | -Општина Градско | 102.000,00 денари |
| 2 | Поддршка на Културни уметнички друштва | Општина Градско | 100.000,00 денари |
| 3 | Одбележување на Патронот на Градско „Св. Апостол Павле“- 13 Јули<br>-уметнички дел 1.517.000,00<br>-репрезентација 55.000,00<br>-изнајмување на опрема (бина и коњопои) 230.000,00<br>-сместување 120.000,00<br>-екипа на Брза помош 30.000,00<br>-договорни услуги (сликар, келнер, озвучување, обезбедување) 86.000,00<br>-дриги материјали (огномет, 40.000,00 | -Општина Градско | 2.078.000,00 денари |
| 4 | Одбележување на 11 Октомври- Денот на народното востание на РМ | Општина Градско | 1.000,00 денари |
| 5 | Одбележување на 8-ми Ноември- денот на ослободувањето на Граско | Општина Градско | 1.000,00 денари |
| 6 | Поддршка за одбележување на верскиот празник „Богојавление Водици“- 19 Јануари кога крстот се фрла во водите на реката Вардар во соработка со Црковниот одбор | Општина Градско | 25.000,00 денари |
| 7 | Поддршка за одбележување на верскиот празник „Константин и Елена“- 3 Јуни во село Свеќани | Општина Градско | 10.000,00 денари |
| 8 | Поддршка за одбележување на верскиот празник „Спасовден“ во село Ногаевци | Општина Градско | 10.000,00 денари |
| 9 | Поддршка за одбележување на верскиот празник „Илинден“ 2 Август во село Виничани | Општина Градско | 10.000,00 денари |
| 10 | Поддршка за одбележување на верскиот празник „Голема Богородица“ 28 Август во село Горно Чичево | Општина Градско | 10.000,00 денари |
| 11 | Одбележување на денот на Бошњаците 28 Септември | Општина Градско | 10.000,00 денари |
| **ВКУПНО:** | | | **2.357.000,00 денари** |

**III. ФИНАНСИРАЊЕ**

Активностите од областа на културата утврдени со оваа Програма ќе се финансисраат со средства од Буџетот на општина Градско за 2026 година.

При реализирање на Програмата, Советот на општина Градско ќе ги поддржи институциите и здриженијата на граѓани кои ќе реализираат проекти од областа на културата, финансирани од други инвеститори- заинтересирани партнери, фондации, бизнис сектор и сл.

**IV. ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ**

Други форми на активности со кои ќе се помага културата се:

- Обезбедување стручна, техничка и друг вид поддршка со кадри и опрема со која располага општината;
- Обезбедување сместувачки услуги за учесниците на одделни манифестации.

**V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа Програма влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Градско“.

Бр.08-211/5
24.04.2026год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Драгана Данева с.р.

**46.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Градоначалникот на Општина Градско, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програмата за дополнување на Програмата за активностите на Општина Градско во областа на спортот за 2026 година**

Се објавува Програмата за дополнување за Програмата на активностите на Општина Градско во областа на спортот за 2026 година, што Советот на Општина Градско ја донесе на седница одржана на 24.04.2026 година.

Бр.09-227/4
27.04.2026год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Киро Нацков с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 и член 36, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 17 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Советот на Општина Градско на седницата одржана на 24.04.2026 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за дополнување на Програмата за активностите на општина Градско**
**во областа на спортот за 2026 година**

Во Програмата за активностите на Општина Градско во областа на спортот за 2026 година број 08-452/6 од 11.12.2025 година, во точка II.АКТИВНОСТИ табелата се дополнува со нови редни броеви 2, 3, 4 и 5 и ќе гласи:

| **Активности на општина Градско за 2026 година** | | | |
|---|---|---|---|
| **Р.бр.** | **Активности** | **Носител на активноста** | **Буџет** |
| 2 | 3x3 турнир во кошарка | Општина Градско | 450.000,00 денари |
| 3 | Фудбалски турнир Стоби КУП 2026 Градско | Општина Градско | 80.000,00 денари |
| 4 | Поправка и одржување на фудбалско игралиште во Градско | Општина Градско | 2.000.000,00 денари |
| 5 | Поставување на урбана опрема и реквизити за детско катче во градски парк во Градско вкупно 5.161.202,00 денари (со Развојна програма за 2026г.- 3.096.721,00 денари и за 2027г.- 2.064.481,00 денари) | Општина Градско | 3.096.721,00 денари |
| **ВКУПНО:** | | | **5.626.721,00 денари** |

Дополнувањата влегуваат во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Градско“.

Бр.08-211/6
24.04.2026год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Драгана Данева с.р.

**47.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Градоначалникот на Општина Градско, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програмата за дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште во Општина Градско за 2026 година**

Се објавува Програмата за дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште во Општина Градско за 2026 година, што Советот на Општина Градско ја донесе на седница одржана на 24.04.2026 година.

Бр.09-227/5
27.04.2026год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Киро Нацков с.р.

Врз основа на член 36, ст.1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.Македонија бр. 5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 17 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Советот на Општина Градско на седницата одржана на ден 24.04.2026 година донесе

**ПРОГРАМА**
**За дополнување на програмата за уредување на градежно земјиште во Општина Градско за 2026 година**

Во програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Градско за 2026 година бр. 08-432/7 од 28.11.2025 година, после точката 7, се додава нова точка 8. и гласи:

8. Поправка и одржување на фасади на станбени згради на територијата на Општина Градско.

Останатиот дел од Програмата останува непроменет.

Дополнувањето влегува во сила со денот на нејзино донесување, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општина Градско“.

Бр.08-211/7
24.04.2026год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Драгана Данева с.р.

**48.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Градоначалникот на Општина Градско, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Правилникот за утврдување на условите, критериумите, начинот и постапката за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Градско кои се определени во годишните програми**

Се објавува Правилникот за утврдување на условите, критериумите, начинот и постапката за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Градско кои се определени во годишните програми, што Советот на Општина Градско ја донесе на седница одржана на 24.04.2026 година.

Бр.09-227/6
27.04.2026год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Киро Нацков с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 17 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Советот на Општина Градско, на седницата одржана на 24.04.2026 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за утврдување на условите, критериумите, начинот и постапката за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Градско кои се определени во годишните програми**

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишуваат условите и критериумите, начинот и постапката за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Градско (во понатамошниот текст, средствата) кои се определени во Годишните Програми.

**Член 2**

Барателите преку својата апликација или барање се должни да дадат детален опис за потребата од финансиски средства.

Право на доделување на средства од Буџетот на Општина Градско имаат:

- Поединци, здруженија, и спортски клубови кои вршат афирмација и претставување на општината во земјата и странство со учество и пласмани во натпреварувања од областа на спортот, културата и друго.
- Поединци, здруженија, и спортски клубови кои организираат манифестации, турнири, натпревари и настани кои се одржуваат на територијата на Општина Градско.

- Поединци, здруженија, и спортски клубови за поддршка на проектни активности од јавен интерес за општината.

**Член 3**

Максимален износ што може да добие поединец, здружение на граѓани или спортски клуб е 300.000,00 денари.

По исклучок на став 1 за барањата/апликациите што се однесуваат на настан/манифестација/ натпревар/ турнир предвидени во рамките на Годишната програма од соодветната област максималниот износ што можат да го добијат овие баратели не смее да ја надминува вредноста на предвидените средства утврдени во Годишната програма од соодветната област.

Средствата ќе се доделуваат сè до нивно исцрпување од Годишната програма во соодветната област.

**Член 4**

Потребни документи за барателите- физички лица(поединци):

- Барање/апликација за доделување финансиски средства
- Доказ дека се жители на Општина Градско
- Доказ за активна трансакциска сметка
- Детален опис за потребата од финансиски средства и областа која е предмет на поднесеното барање, периодот и локација на реализација / одржување;
- Лична биографија (со точно наведени лични податоци за барателот и контакт информации), со прилог копии од признанија од постигнати резултати од учества на домашни и/или меѓународни првенства, натпревари, турнири и/или друг вид на учество, но и постери, промотивни видеа, интернет објави од вести, како и друг вид на печатен и/или електронски запис);

**Член 5**

Потребни документи за Здруженија на граѓани и спортски клубови:

- Барање/апликација за доделување на финансиски средства,
- Решение за упис во централен регистар со кое се докажува дека Здружението на граѓани/ спортскиот клуб е регистриран на територијата на Општина Градско.
- Копија од активна трансакциска сметка на Здружението на граѓани/ спортскиот клуб
- Портфолио на Здружението на граѓани/ спортскиот клуб , во кое јасно ќе се гледа неговиот придонес и работа во сферата во која делува со прилог копии од признанија од постигнати резултати од учества на домашни или меѓународни првенства, натпревари, турнири или друг вид на учество, но и постери, промотивни видеа, интернет објави од вести, како и друг вид на печатен или електронски запис);
- Детален опис за потребата од финансиски средства и областа која е предмет на поднесеното барање, периодот и локација на реализација / одржување;

**Член 6**

Барањето со целокупната документација утврдена во член 4 и член 5 во овој Правилник се поднесува по пошта, електронски пат или лично во архивата на Општина Градско, на ул. „Маршал Тито”, бр. 70А, 1420 Градско, секој работен ден од 08:00 до 15:00 часот.

**Член 7**

Градоначалникот на Општина Градско врши исплата на средствата преку донесување на Решение за исплата, само доколку се почитува следното:

- ✓ За износ до 50.000,00 (педесет илјади) денари, барањето/апликацијата да го/ја разгледаат административните службеници од Одделението за соодветната област. Административните службеници констатираат дали барањето е соодветно на планираните активности и содржини и дали истите се вклопуваат во програмските содржини на Годишната програма која ја има општината и е во согласност со планираните средства во истата.
  Доколку се утврди дека барањето/апликацијата е основано/а и оправдано/а, му предлага на Градоначалникот да ги исплати бараните средства со барање за исплата. Доколку барањето/апликацијата не се уважи барателот ќе биде известен по пошта или електронски пат.

- ✓ За износ над 50.000,00 (педесет илјади) до 300.000,00 (триста илјади) денари, барањето/апликацијата по објавен Јавен повик го/ја разгледува петчлена комисија формирана од Градоначалникот на Општина Градско, во состав од 3 (три) члена од редот на општинската администрација и 2 (два) члена од Советот на Општина Градско.

**Член 8**

При доделување средства во износ над 50.000,00 до 300.000,00 денари за да се утврди оправданоста на поднесеното барање/ апликација потребно е да биде исполнет најмалку два од следниве општи критериуми:
- Соодветност на барањето со областа на делување и расположливите буџетски средства
- за учество на натпревар/ првенство најнизок ранг да биде државно првенство или натпревар
- настанот/манифестацијата/ натпреварот/ турнирот да е од јавен интерес за општината
- настанот/манифестацијата/ натпреварот/ турнирот да ја афирмира и промовира општината
- да придонесат за побогат, поквалитетен и разновиден јавен живот на ниво на општината

**Член 9**

За доделување средства во износ над 50.000,00 до 300.000,00 денари ќе се применуваат следните критериуми за оценување:

| Барање/апликација | Бодови |
|---|---|
| **I. Барање/апликација** | **25** |
| За манифестации/турнири/натпревари и настани детално разработени активности во барањето/апликацијата согласно правилникот или за учество и пласмани во натпреварувањата од областа на спортот културата и друго детално да е прикажан рангот на настанот | 15 |
| Искуство на барателот во реализирање на манифестации/турнири/ натпревари и настани од областа или за учество и пласмани во натпреварувањата од областа на спортот културата и друго досегашно учество на ваков тип настани | 10 |
| **II. Буџет** | **25** |
| Детално разработен финансиски план за средствата потребни за реализација на манифестацијата/турнирот/натпреварот/ настанот или образложение за намената на средствата за учество и пласмани во натпреварувањата од областа на спортот, културата и друго | 10 |
| Оправданоста на трошоците во предложениот финансиски план (реален буџет во | 10 |

| | |
|---|---|
| однос на активностите и бројот на ангажирани лица, опис на трошоците по позиции) | |
| Обезбедени дополнителни средства од сопствени или други извори | 5 |
| **III. Квалитет на програмата за манифестациите/турнирите/ натпреварите и настаните** | **50** |
| Одговара на критериумите од Правилникот<br>Белешка: 20 бода (многу добро) може да се доделат само доколку барањето/апликацијата се однесува на најмалку 3 (три) од критериумите. | 25 |
| Посетеност(масовност) на манифестациите/турнирите/ натпреварите и настаните. | 10 |
| Иновативност, впечатливост и оригиналност на идејата | 10 |
| Обезбедена институционална поддршка (писмо за поддршка од друго здружение или институција, вклученост на еден или повеќе субјекти во реализација на манифестации/турнири/ натпревари и настани или натпревари и првенства | 5 |
| **Вкупно бодови** | **100** |

Барањето/апликацијата се уважува со минимум 60 бода. За да се добијат средства во масимален износ потребни се минимум 85 бода.

**Член 10**

За одобрување износ над 50.000,00 денари до 300.000,00 денари Комисијата за разгледување барања/апликации за доделување финансиски средства од Годишните програми(во понатамошниот текст Комисијата) врз основа на доставената документација се состанува и ги разгледува барањата/апликациите.

Со Комисијата раководи претседателот, а за нејзината работа се води записник.

Доколку поднесителот на барањето/апликацијата ја нема доставено комплетната документација согласно член 5 од овој правилник, Комисијата има право да го контактира со цел доставување на потребните документи (по пошта, електронски пат или лично во архивата на Општина Градско). Подносителот на барањето во рок од 3 дена од добивање на известување за дополнување на документација треба да ја достави бараната документација, во спротивно барањето ќе се одбие.

Во рок од 3 (дена) по разгледувањето-дополнувањето на барањето/апликацијата, Комисијата доставува до Градоначалникот мислење со предлог за одобрување на средства или мислење со предлог за одбивање на барањето/ апликацијата со наведено образложение.

**Член 11**

Врз основа на доставеното Мислење со предлог за одобрување доставено од Комисијата, Градоначалникот донесува Решение за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Градско.

Во рок од три (3) дена од донесеното Решение за доделување финансиска средства од страна на Градоначалникот, Одделението за финансиски прашања изготвува Решение за исплата на финансики средства, по претходно добиено Барање за исплата на финансиски средства од страна на Одделението за соодветната област.

За барањата/апликациите што не ги исполнуваат критериумите од овој правилник Комисијата доставува известување до барателите.

**Член 12**

Корисникот на финансиските средства во износ над 50.000,00 до 300.000,00 денари е должен во рок од 1 месец по завршување на на манифестацијата/турнирот/натпреварот и

настанот или учеството на натпревар и првенства до Советот на Општина Градско да достави наративен и финансиски извештај за реализација на финансиските средства добиени од Буџетот на Општина Градско. Наративниот извештај треба да биде поткрепен со фотодокументација, а финансискиот извештај со копии од сметки, фактури и изводи од банка.

Доколку корисникот на средствата не поднесе наративен и финансиски извештај за реализација на финансиските средства или доколку истиот не биде усвоен од Советот на Општина Гардско, следната година нема право да користи финансиски средства од Буџетот на Општина Градско.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 13**

Овој Правилник влегува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Градско”.

Бр.08-211/8
24.04.2026год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Драгана Данева с.р.

**49.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Градоначалникот на Општина Градско, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за начинот на остварување на правото на користење на средствата,начинот и висината на одредување на еднократна парична помош и помош во натура и потребната документација за оставрување на ова право**

Се објавува Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за начинот на остварување на правото на користење на средствата,начинот и висината на одредување на еднократна парична помош и помош во натура и потребната документација за оставрување на ова право, што Советот на Општина Градско ја донесе на седница одржана на 24.04.2026 година.

Бр.09-227/7
27.04.2026год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Киро Нацков с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 7, член 36 став 1 точка 15 и член 50 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 „Службен весник на РСМ “ бр.202/24), и член 17 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ број 02/06, 7/21, 4/22 и 11/23) Советот на Општина Градско на седница одржана на ден 24.04.2026 година донесе:

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ
## за начинот на остварување на правото на користење на средствата,начинот и висината на одредување на еднократна парична помош и помош во натура и потребната документација за оствaрување на ова право

### Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот **за** начинот на остварување на правото на користење на средствата,начинот и висината на одредување на еднократна парична помош и помош во натура и потребната документација за остварување на ова право бр.08-61/6 донесен од Советот на Општина Градско на 04.02.2022 година.

### Член 2

Член 2 , **став 1,** алинеја 1 се менува и гласи:

Износот за еднократна парична помош ќе биде:
-за подобрување на социјална положба до 5.000,оо денари

### Член 3

**Во точка 1. Подобрување на социјалната положба**, член 3, **став 1,** алинеја 3 се менува и гласи:

- лицата да се приматели на минимална плата /пензија согласно последно утврдените износи на минимална плата/пензија.

### Член 4

**Во точка 2.Нарушена здравствена состојба** член 5 став 1,алинеја 3 се менува и гласи:

- лицата да се приматели на минимална плата /пензија согласно последно утврдените износи на минимална плата/пензија.

### Член 5

**Во точка 3**. **Оперативно и постоперативно лекување**, член 7, став 1, алинеја 3 се менува и гласи:

-лицата да имаат вкупни месечни приходи во семејството кои не надминуваат износ еднаков на збирот од две минимални нето плати и две минимални пензии,согласно последно утврдените законски измени.

### Член 6

**Во точка 3 .Оперативно и постоперативно лекување**,после член 8 се додава нов член 8-а кој ќе гласи :

Во случаи на оперативно или постоперативно лекување, каде што се јавуваат особено тешки или итни околности, а барањето не ги исполнува утврдените услови за приходи или други критериуми, **Советот на општината**, по доставен предлог и документација од страна на барателот, може да донесе одлука за одобрување на еднократна парична помош надвор од утврдените критериуми.

### Член 7

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Градско“.

Бр.08-211/9
24.04.2026год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Драгана Данева с.р.

**50.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Градоначалникот на Општина Градско, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за делегирање на надлежностите на Општина Градско во областа на културата и туризмот**

Се објавува Одлуката за делегирање на надлежностите на Општина Градско во областа на културата и туризмот, што Советот на Општина Градско ја донесе на седница одржана на 24.04.2026 година.

Бр.09-227/8
27.04.2026год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Киро Нацков с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 и член 24, став 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 17 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Советот на Општина Градско на седницата одржана на ден 24.04.2026 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за делегирање на надлежностите на Општина Градско во областа на културата и туризмот**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Советот на Општина Градско врши делегирање на надлежностите на Општина Градско во областа на културата и туризмот на правни лица (во понатамошниот текст: вршител на делегирана надлежност).

**Член 2**

Се делегира надлежноста за реализација на настан „Градско - храна, вино и традиција-Павловден 2026“.

**Член 3**

Градоначалникот на Општина Градско ќе објави конкурс и ќе склучи посебен договор со вршителот на делегираната надлежност за начинот и условите за вршење на надлежноста.

**Член 4**

За својата работа вршителот на делегираната надлежност поднесува наративен и финансиски извештај до Градоначалникот и Советот на Општина Градско.

Доколку вршителот на делегираната надлежност не поднесе извештај за тековната година или истиот не е усвоен од Советот на Општина Градско договорот ќе биде раскинат.

Сите активности за вршење на делегираната надлежност вршителот ќе ги спроведува во координација со Одделението за правни, општи работи и јавни дејности и Одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина и локален економски развој.

**Член 5**

Надлежноста од член 2 од оваа Одлука ќе се финансира од Буџетот на Општина Градско, како и од донации и спонзорства.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Градско“.

Бр.08-211/10
24.04.2026год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Драгана Данева с.р.

**51.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Градоначалникот на Општина Градско, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за делегирање на надлежностите на Општина Градско во областа на спортот**

Се објавува Одлуката за делегирање на надлежностите на Општина Градско во областа на спортот, што Советот на Општина Градско ја донесе на седница одржана на 24.04.2026 година.

Бр.09-227/9
27.04.2026год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Киро Нацков с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 и член 24, став 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 17 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Советот на Општина Градско на седницата одржана на ден 24.04.2026 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за делегирање на надлежностите на Општина Градско**
**во областа на спортот**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Советот на Општина Градско врши делегирање на надлежностите на Општина Градско во областа на спортот на правни лица (во понатамошниот текст: вршител на делегирана надлежност).

**Член 2**

Се делегира надлежноста за реализација на настан „ Фудбалски турнир Стоби КУП 2026 Градско“.

**Член 3**

Градоначалникот на Општина Градско ќе објави конкурс и ќе склучи посебен договор со вршителот на делегираната надлежност за начинот и условите за вршење на надлежноста.

**Член 4**

За својата работа вршителот на делегираната надлежност поднесува наративен и финансиски извештај до Градоначалникот и Советот на Општина Градско.

Доколку вршителот на делегираната надлежност не поднесе извештај за тековната година или истиот не е усвоен од Советот на Општина Градско договорот ќе биде раскинат.

Сите активности за вршење на делегираната надлежност вршителот ќе ги спроведува во координација со Одделението за правни, општи работи и јавни дејности и Одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина и локален економски развој.

**Член 5**

Надлежноста од член 2 од оваа Одлука ќе се финансира од Буџетот на Општина Градско, како и од донации и спонзорства.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Градско“.

Бр.08-211/11
24.04.2026год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Драгана Данева с.р.

**52.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Градоначалникот на Општина Градско, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за делегирање на надлежностите на Општина Градско во областа на спортот**

Се објавува Одлуката за делегирање на надлежностите на Општина Градско во областа на спортот, што Советот на Општина Градско ја донесе на седница одржана на 24.04.2026 година.

Бр.09-227/10
27.04.2026год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Киро Нацков с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 и член 24, став 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 17 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Советот на Општина Градско на седницата одржана на ден 24.04.2026 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за делегирање на надлежностите на Општина Градско во областа на спортот**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Советот на Општина Градско врши делегирање на надлежностите на Општина Градско во областа на спортот на правни лица (во понатамошниот текст: вршител на делегирана надлежност).

**Член 2**

Се делегира надлежноста за реализација на настан „3х3 турнир во кошарка“.

**Член 3**

Градоначалникот на Општина Градско ќе објави конкурс и ќе склучи посебен договор со вршителот на делегираната надлежност за начинот и условите за вршење на надлежноста.

**Член 4**

За својата работа вршителот на делегираната надлежност поднесува наративен и финансиски извештај до Градоначалникот и Советот на Општина Градско.

Доколку вршителот на делегираната надлежност не поднесе извештај за тековната година или истиот не е усвоен од Советот на Општина Градско договорот ќе биде раскинат.

Сите активности за вршење на делегираната надлежност вршителот ќе ги спроведува во координација со Одделението за правни, општи работи и јавни дејности и Одделението за

урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина и локален економски развој.

**Член 5**

Надлежноста од член 2 од оваа Одлука ќе се финансира од Буџетот на Општина Градско, како и од донации и спонзорства.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Градско“.

Бр.08-211/12
24.04.2026год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Драгана Данева с.р.

**53.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Градоначалникот на Општина Градско, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлука за основање на заедничко Јавно Претпријатие Регионален Центар за згрижување бездомни миленици и ветеринарно здравствоСтационар-Шепа Кавадарци**

Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлука за основање на заедничко Јавно Претпријатие Регионален Центар за згрижување бездомни миленици и ветеринарно здравствоСтационар-Шепа Кавадарци, што Советот на Општина Градско ја донесе на седница одржана на 24.04.2026 година.

Бр.09-227/11
27.04.2026год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Киро Нацков с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02 и „Службен весник на Р.С.М.“ бр.202/24), а во врска со Одлуката за измена на Одлуката за избор на модел на управување со Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство, негово идно работење и начинот на финансирање со арх.бр.02-148/7 од донесена од Совет за развој на Вардарски плански регион на седница одржана на ден 24.12.2025 година, член 18 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на

Р.М.“ бр.79/09), член 4 од Законот за Ветеринарно здравство ( „ Службен весник на Р.М.“бр. 67/10, 157/10, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), член 9 и член 10 од Законот за јавните претпријатија (,,Службен весник на Р.М“ бр.38/96, .........35/19, и ,,Службен весник на Р.С.М.“ бр.,,275/19, ..... 193/25 ), член 17 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр.2/06, 7/21, 4/22 и 11/23),

Советот на Општина Градско на 10-та седница одржана на ден 24.04.2026 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлука за основање на заедничко Јавно Претпријатие Регионален Центар за згрижување бездомни миленици и ветеринарно здравствоСтационар-Шепа Кавадарци**

**Член 1**

Во Одлуката за основање на заедничко Јавно Претпријатие Регионален Центар за згрижување бездомни миленици и ветеринарно здравство, Стационар Шепа Кавадарци со арх.бр. 08-463/14 од 15.11.2023 година („Службен гласник на Општина Градско“ бр.12/23), се врши следната измена и дополнување:

Во член 8 став 1 алинеја 2 СЕ МЕНУВА и гласи:

,,Од Буџетите на општините основачи на заедничкото претпријатие СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци на начин што секоја од општините ќе исплаќа поединечен надомест кој што се однесува на фиксни оперативни трошоци кој што ќе се врши квартално на секои 3 месеци. Средствата за секоја општина се утврдуваат согласно бројот на жители, односно врз основа на Одлука за измена на Одлуката за избор на модел за управување со Регионалниот центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство бр.02-148/7 од 24.12.2025 година, донесена од страна на Совет за развој на Вардарски плански регион со што на годишно ниво изнесуваат:

- Општина Велес - 4.846.300,оо денари
- Опшина Кавадарци - 3.573.300,оо денари
- Општина Неготино - 1.819.400,оо денари
- Општина Свети Николе - 1.532.000,оо денари
- Општина Демир Капија - 377.700,оо денари
- Општина Чашка - 794.200,оо денари
- Општина Градско - 323.300,оо денари
- Општина Лозово - 226.400,оо денари
- Општина Росоман - 379.600,оо денари.

Во останатиот дел одлуката останува непроменета.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Градско“.

Бр.08-211/13
24.04.2026год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Драгана Данева с.р.

**54.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Градоначалникот на Општина Градско, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за за дообезбедување на финансиски средства за финансиско учество на општина Градско во проект „Подобрување на животната средина преку набавка на специјализирани возила за општините во Вардарски плански регион“**

Се објавува Одлуката за дообезбедување на финансиски средства за финансиско учество на општина Градско во проект „Подобрување на животната средина преку набавка на специјализирани возила за општините во Вардарски плански регион“, што Советот на Општина Градско ја донесе на седница одржана на 24.04.2026 година.

Бр.09-227/12
27.04.2026год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Киро Нацков с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 17 од Статутот на Општина Градско (Службен гласник на Општина Градско бр. 2/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Советот на Општина Градско на седницата одржана на 24.04.2026 година ја донесе, следната:

**О Д Л У К А**
**за дообезбедување на финансиски средства за финансиско учество на општина Градско во проект „Подобрување на животната средина преку набавка на специјализирани возила за општините во Вардарски плански регион“**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дообезбедуваат финансиски средства од буџетот на општина Градско, за кофинансирање на **Предлог проект „Подобрување на животната средина преку набавка на специјализирани возила за општините во Вардарски плански регион“, согласно Програмата за рамномерен регионален развој на Министерството за Локална самоуправа-Биро за регионален развој за 2025 година.**

**Член 2**

Со Одлука за финансиско учество на општина Градско во проект „Подобрување на животната средина преку набавка на специјализирани возила за општините во Вардарски плански регион“ донесена од Совет на Општина Градско со број 08-126/3 од 05.03.2025 година обезбедени се средства во висина од 600.000,00 денари со ДДВ во вид на кофинансирање од Буџетот на Општина Градско.

Со цел завршување на постапката за јавна набавка од страна на Центарот за развој на Вардарски плански регион доставено е барање до Општина Градско за дообезбедување на финансиски средства во износ од 233.332,94 денари со ДДВ. Од тие причини вкупната сума за кофинансирање од Буџетот на Оппштина Градско, програма Е0, конто 464990 други трансфери ќе изнесува 833.332,94 денари со ДДВ.

**Член 3**

Средствата за оваа намена ќе се обезбедат од Буџетот на општина Градско за 2026 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Градско“.

Бр.08-211/14
24.04.2026год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Драгана Данева с.р.

**55.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Градоначалникот на Општина Градско, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за доделување на финансиски средства**

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства, што Советот на Општина Градско ја донесе на седница одржана на 24.04.2026 година.

Бр.09-211/13
27.04.2026год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Киро Нацков с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 202/24) и член 17 од Статутот на Општина Градско (Службен гласник на Општина Градско бр. 2/06, 07/21, 04/22 и 11/23)

Решавајќи по барање од Здружение на граѓани Градски шаховски клуб Стоби Градско број 08-179/1 од 27.03.2026 година, Советот на Општина Градско донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување на финансиски средства**

**Член 1**

На Здружение на граѓани Градски шаховски клуб Стоби Градско му се доделуваат финансиски средства во износ од 9.400,00 денари, за покривање на трошоци за регистрација на друштвото и за тековни активности.

**Член 2**

Средствата ќе бидат исплатени на сметка број xxxxx во xxxxx банка од трансфери кон други невладини организации, програма А0, конто 463190 од Буџетот на општина Градско за 2026 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Градско.

Бр.08-211/15
24.04.2026год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Драгана Данева с.р.